Ул. Црвена Вода бр. 18/7
1000 Скопје, Македонија
(+389) 77 555 201
www.estek.com.mk
estek@t.mk

# ПОГЛЕДИТЕ НА МЛАДИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО ВО ДРЖАВАТА



Мај, 2017

БСЦ ЕСТЕК

Ул. Црвена Вода бр. 18/7
1000 Скопје, Македонија
(+389) 77 555 201
www.estek.com.mk
estek@t.mk

**Наслов на истражувањето:**
Погледите на младите од Македонија за вработувањето во државата

**Издавач:**
БСЦ ЕСТЕК Скопје

**Автор:**
Стеван Томовски

**Контакт:**
ул. Црвена Вода бр. 18/7
1000 Скопје, Република Македонија
estek@t.mk

Мај, 2017

Ул. Црвена Вода бр. 18/7
1000 Скопје, Македонија
(+389) 77 555 201
www.estek.com.mk
estek@t.mk

Во периодот април-мај 2017 година, БСЦ ЕСТЕК спроведе истражување на тема „Погледите на младите во Македонија за вработувањето во државата“. Во анкетното истражување беа земени предвид мислењата на 194 испитаници од кои најголем дел, вкупно 34,15% од вкупниот број анкетирани граѓани се на возраст од 25 до 30 годишна возраст, а останатите, односно 24,39% се на возраст од 19-24 години, 21,95% имаат од 31 до 35 години, над 35 години имаат 17,07% од испитаниците, а најмалку застапени се разбирливо, испитаниците од 15 до 18 годишна возраст. Оваа поделба по возрасти е направена врз основа на позначајните ситуации во образованието на македонскиот граѓанин и просечната годишна возраст кога се очекува стабилизација и одредување на конечна професија под различни услови.

Заради големиот процент на млади кои непрестано се иселуваат од државата со замисла за подобар живот, значајна улога во конструирање на прашалникот игра желбата за живот во земјата или во странство, осносно личните проекции на испитаникот за неговата иднина. Така, дури 75,31% од испитаниците се изјаснуваат дека во постоечките услови тие би избрале да живеат во странство, наспроти само оние 24,69% кои би останале да живеат во Македонија според условите во кои егзистираат.



Ул. Црвена Вода бр. 18/7
1000 Скопје, Македонија
(+389) 77 555 201
www.estek.com.mk
estek@t.mk

Во однос на прашањето *Која или кои други држави сметате дека нудат најдобри услови за живот и достоен животен стандард* речиси половина од испитаниците, односно 43,90% одговорија дека тоа би била некоја од земјите во Европската Унија, додека точно 19,51% се определија за САД и 19,51% за Австралија/Нов Зеланд. 13,41% сметаат дека земја која нуди квалитетен животен стандард е Канада. Најмал процент од испитаниците или во мера од 2,44% и 1,44 проценти би се определиле за некоја од земјите од другите континенти или земја од поранешната СФРЈ.

Последно и најинтриганто од прашањата од овој вид е прашањето *Дали планирате да се иселите од земјата во следните 5 години?* Дури 54,88% од испитаниците велат дека можеби тоа ќе се случи во определениот временски период. Од останатие, 26,83% тврдат дека во следните 5 години ќе се иселат од Македонија, а најмал процент од 18,29 им отпаѓа на испитаниците кои ќе продолжат да живеат во земјата.

| Дали планирате да се иселите од земјата во следните 5 години? | |
|---|---|
| **Да** | 26,83% |
| **Не** | 18,29% |
| **Можеби** | 54,88% |

Секој од испитаниците се изјасни за својот моментален статус во поглед на вработување, односно оформување, така што 56,10% од испитаниците кои се дел од истражувањето се во моментот вработени, 23,17% се невработени (со завршено образование), и 20,73% се студенти, односно ученици. Сите тие имаа можност да ја искажат својата желба по однос на секторот во кој би сакале да работат. Во тој

Ул. Црвена Вода бр. 18/7
1000 Скопје, Македонија
(+389) 77 555 201
www.estek.com.mk
estek@t.mk

поглед, 28,04% од испитаниците се определија за јавниот сектор, поголем процент, и тоа 37,80% велат дека би сакале да работат во приватен сектор, помеѓу нив се испитаниците кои изразија желба за работење во сопствен бизнис - 26,83% и 7,32% би сакале вработување во невладин сектор.




За целите на исттражувањето, анкетираните ги рангираа проблемите со кои се соочуваат во Македонија на професионален план според интензитетот на нивната застапеност и врз основа на бодовите се доаѓа до заклучок дека најголемиот проблем се малите плати (6,46), а веднаш зад него со разлика од само 0,01 бод се наведува како проблем несоодветноста и/или недостатокот од можности за вработување (6,45). Друг позначаен проблем е оној со ограничената разновидност на работни позиции и

Ул. Црвена Вода бр. 18/7
1000 Скопје, Македонија
(+389) 77 555 201
www.estek.com.mk
estek@t.mk

неразвиените сектори (5,28) и непостоечкиот капитал или ограничениот пристап до капитал (5,02). 4,94 бода има проблемот со неразвиените капацитети на претпријатијата и/или институциите за вработување на нови кадри, а 4,38 – немотивираноста на младите. Помалку бодови собраа проблемите: дискриминација и нееднаков третман (врз основа на возраст, пол, раса, етникум, религија, хендикеп (3,52) и распространетоста на волонтерската работа (3,39). Повеќе бодови означуваат позастапен проблем.

| Проблеми со кои се соочуваат граѓаните во Република Македонија во поглед на вработувањето во земјата | Бодови |
|---|---|
| **Мали плати** | 6,46 |
| **Несоодветни и/или недостаток од можности за вработување** | 6,45 |
| **Ограничена разновидност на работни позиции и неразвени сектори** | 5,28 |
| **Непостоечки капитал или ограничен пристап до капитал** | 5,02 |
| **Неразвиени капацитети на претпријатијата и/или институциите за вработување на нови кадри** | 4,94 |
| **Немотивираност кај младите** | 4,38 |
| **Дискриминација и нееднаков третман (врз основа на возраст, пол, раса, етникум, религија, хендикеп)** | 3,52 |
| **Замав на волонтерската работа** | 3,39 |

Ул. Црвена Вода бр. 18/7
1000 Скопје, Македонија
(+389) 77 555 201
www.estek.com.mk
estek@t.mk

Испитаниците исто така, ја оценија мотивационата вредност на парите во работењето, и тоа со бодови од 1 до 5, каде 1 значи дека парите не претставуваат мотивационен фактор за испитаникот, а 5 дека тие се единствената причина заради која работи или би работел испитаникот. Податоците велат дека не за сите парите се единствената мотивација, но повеќето оправдано се склони на повисоките оцени под однос прашањето. Врз основа на ова се изведува следниот график:




На прашањето *Каква улога сметате дека има насоката во образованието за пронаоѓање на работа?* Повторно испитаниците имаа можност да даваат оценка од 1 до 5, при што се испоставува дека половина од испитаниците, односно 50,6% од нив,

Ул. Црвена Вода бр. 18/7
1000 Скопје, Македонија
(+389) 77 555 201
www.estek.com.mk
estek@t.mk

сметаат дека образованието има просечна улога во понатамошното пронаоѓање на работа, оценувајќи го овој фактор со оценка 3. Останатите податоци укажуваат дека 11,11% од испитаниците сметаат дека тоа нема улога, 18,52% дека улогата е сосем мала, 17,28% сметаат дека насоката во образованието има значајна улога во пронаоѓањето на работа и само 2,47% велат дека тоа би било единствениот фактор.

Финалното прашање се однесува конкретно на образованието во Република Македонија и гласи *Дали сметате дека образованието во државата е соодветно во припремата на студентите/учениците за пазарот на труд?* Значаен дел од испитаниците по повод ова тврдат дека образованието во земјата е несоодветно и ним им отпаѓаат дури 85,37% од вкупниот број на испитаници. Останатите се рамномерно поделени со по 7,32% сметајќи дека образованието е соодветно или не се сигурни.